„Субханаллах! Навистина верникот не е нечист.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ме сретна на една од улиците во Медина, а јас бев џунуб. Се оддалечив и отидов да се искапам. Подоцна, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, забележа дека ме нема, па кога се вратив, ме праша: „Каде беше, о Ебу Хурејре?“ Одговорив: „О, Божји пратенику, ме сретна кога бев џунуб и не сакав да седам со тебе додека не се избањав.“ На што тој, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Субханаллах! Навистина верникот не е нечист.“

[متفق عليه] [صحيح]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, го сретнал Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, на една од улиците во Медина. Во тој момент Ебу Хурејре бил џунуб, па од почит кон Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, не сакал да му пријде, ниту да седне со него, мислејќи дека е нечист. Затоа незабележливо се оддалечил, се избањал а потоа се вратил. Кога се вратил, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го прашал каде бил. Ебу Хурејре ја објаснил својата состојба и рекол дека не сакал да му пријде бидејќи бил џунуб. Тогаш Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, се зачудил и рекол: „Навистина, верникот е чист и не е нечист во ниедна состојба – ниту додека е жив, ниту по смртта.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3076